РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERSITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr. 02 - 235/1
27.05. 2019 г.v.
СТРУГА - STRUGË

Архивски знак
Shenja Arkivore 0203
Рок на чување
Afati i ruajtjes Трајно
27.05.19 г./v. Потпис/Nënshkrim

Врз основа на член 37 став (9) од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) Факултетското студенско собрание на основачкото собрание одржано на 27.05.2019 година, по претходна согласност од Наставно-научниот совет на Факултетот за Економски Науки при Меѓународниот Универзитет во Струга, бр. 09-226/3 од 21.05.2019 година донесе:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# СТАТУТ

## на Факултетско Студентско Собрание на Факултетот за Економски Науки при МУС

### I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: составот, надлежноста, начинот на работа, називот и седиштето, органите и телата, начинот на предлагање и избор на претставници на студентите во Факултетското студентско собрание на Градежниот Факултет - Скопје (во понатамошниот текст: Факултетско студентско собрание), како и нивниот број од секоја година на студии од прв, втор и трет циклус студии, начинот на избор и разрешување на преставниците на студентите во органите и телата на Факултетот за Економски Науки (во понатамошниот текст: Факултетот), начин на избор на претставници во Универзитетското студентско собрание, начин на избор и разрешување на заменик студентски правобранител, финансирањето како и други прашања што се од значење за работата на Факултетското студентско собрание.

**Избирачко право**

**Член 2**

Право да избира и да биде избран за претседател или член на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студиските програми во учебната година/семестар во која се спроведуваат изборите.

**Мандат**

**Член 3**

Мандатот на претседателот и на членовите на Факултетското студентско собрание е една година со право на уште еден избор.

**Права и обврски на избраните претставници**

**Член 4**

Избраните претставници на студентите во Факултетското студентско собрание имаат право и обврска до учествуваат во неговата работа, да ги застапуваат интересите на студентите, да избираат преставници во универзитетското студентско собрание, во органите и телата на Факултетот, да се самоорганизираат.

### Статус на Факултетското студентско собрание
### Член 5

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници на студентите и нема својство на правно лице.

### Застапување и претставување
### Член 6

Факултетското студентско собрание го претставува и застапува Претседателот.

### Назив и седиште
### Член 7

Полниот назив на Факултетското студентско собрание е:
Меѓународен Универзитет во Струга, Факултет за Економски Науки, Факултетско студентско собрание.
Седиштето на Факултетското студентско собрание е на Факултетот, ул.Езерски Лозја бр.1 6330 Струга, Р.Македонија.

### Јавност во работата
### Член 8

Работата на Факултетското студентско собрание е јавна.
Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на студентите запишани на Факултетот за сите облици на работење на членовите на Факултетското студентско собрание, со поднесување извештај за својата работа до Наставно-научниот совет, за работата на преставниците на студентите во органите и телата на Факултетот, во универзитетското студентско собрание, како и за материјално финансиското работење.
За информирањето на членовите и пошироката јавност може да се користи Студентско радио, веб страницата, студентски весник, како и други средства за информирање.

## II НАДЛЕЖНОСТ
### Член 9

Факултетското студентско собрание:
- донесува статут и негови измени и дополнувања по претходна согласност од Наставно-научниот совет на Факултетот,
- избира и разрешува преставници на студентите во органите и телата на Факултетот,
- именува двајца преставници од своите редови за членови во Универзитетското студентско собрание
- избира членови во Комисијата за спроведување на изборите за Факултетско студентско собрание, и за други избори согласно овој Статут,
- усвојува план за работа на Факултетското студентско собрание за период од една година,
- рапишува конкурс за заменик студентски правобранител и го избира,

- го разгледува и усвојува извештајот за работа на Факултетското студентско собрание на Факултетот и го доставува до Факултетот,
- донесува финансиски план и програма,
- одлучува за зачленување во регионални и меѓународни студентски организации,
- формираа комисии,
- донесува Деловник,
- врши и други работи утврдени со овој Статут, Статутот на Универзитетското студентско собрание, Статутот на Меѓународниот Универзитет во Струга (во натамошниот текст: Универзитетот), како и законите.

## III НАЧИН НА РАБОТА

**Член 10**

Факултетско студентско собрание работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш на два месеци (освен во месеците јули ,август и јануари) или најмалку четири пати годишно.
Одлуките и записниците од седниците ги потпишува претседателот.

**Член 11**

Факултетско студентско собрание работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

**Член 12**

Начинот на работа и одлучувањето на Факултетското студентско собрание поблиску се уредува со Деловник.

## IV СОСТАВ И ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИЦИ

**Број на претставници**

**Член 13**

Вкупниот број на претставници на студентите во Факултетското студентско собрание е утврден со Статутот на Факултетот и изнесува 9, од кои 8 се членови и 1 е претседател.

**Состав**

**Член 14**

Факултетско студентско собрание го сочинуваат преставници (членови) на студентите избирани по години/студиски програми и тоа:
Вкупниот број на членови на студентите во Факултетското студентско собрание е утврден со Статутот на Факултетот и изнесува 8.
Вкупниот број на претставници (членови и претседател) на студентите во Факултетското студентско собрание е утврден со Статутот на Факултетот и изнесува 9.

**Распишување избори**
**Член 15**

Изборите за претставници во Факултетско студентско собрание ги распишува деканот на Факултетот најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот на постојниот состав.
Доколку изборите не бидат распишани во рокот од став 1 на овој член, изборите ги распишува ректорот на Универзитетот.

**Одржување на изборите**
**Член 16**

Изборите се одржуваат во работни денови кога има настава во термин што ќе го утврди Изборната комисија.

**Предлагање кандидати**
**Член 17**

Предлагање на кандидати за претставници (претседател и членови) во Факултетското студентско собрание се врши на собири на студентите по студиски години.
Студентите предлозите ги даваат написмено, со пополнување на образец на пријава за кандидатура, која се доставува до Изборната комисија.

**Член 18**

Пријавата за кандидат за член на ФСС се поднесува од страна на студент запишан во семестар во учебната година во која се спроведуваат изборите, при што се наведува името и презимето и бројот на индекс на предлагачот и на кандидатот.
Пријавата за кандидат за претседател на ФСС се поднесува од страна на 10 студенти, при што се наведува името и презимето и бројот на ID на предлагачите и на кандидатот.

**Член 19**

Изборите од член 18 ги организира Факултетското собрание, во соработка со Изборната комисија, во периодот од распишување избори од страна на деканот, односно ректорот до најкасно 10 дена пред одржување на изборите.
На собирот на студенти по соодветни години Изборната комисија врз основа на списоци доставени од службата за студентски прашања утврува дали предлагачите и предложените кандидати ги исполнуваат предвидените услови, односно дали предлагачот и студентот предложен за член на ФСС, односно предлагачите и студентот предложен за председател на ФСС, имаат запишано зимски семестар во учебната година во која се спроведуваат изборите.

**Избор на членови**
**Член 20**

Членовите на факултетското студентското собрание се избираат со постапка уредена во Законот и Статутот на Универзитетот.

Членовите на Факултетското студентското собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор.
Право да избираат и да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание имаат сите редовно запишани студенти на Факултетот во учебната година во кој се спроведува изборот.
За секоја студиска година се изготвува посебно гласачко ливче.
За избрани членови во Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

**Изборна комисија**
**Член 21**

Предлагањето на кандидати за членови во Факултетското студентско собрание од член 18 од овој Статут, како и изборите за членови во Факултетското студентско собрание од членот 20 од овој Статут ги спроведува Изборна комисија.
Изборната комисија е составена од двајца двајца преставници од наставен кадар на Факултетот и тројца студенти. Членовите на изборната комисија ги именува деканот на факултетот, согласно Статутот на Факултетот.
Изборната комисија може да избере и поткомисии кои ќе помагаат при спроведување на гласањето.
Одделението за студентски прашања на Факултетот доставува список на студентите кои имаат право да гласаат и да бидат избирани.

**Надлежност на Изборната комисија**
**Член 22**

Изборната комисија ги спроведува изборите и ги утврдува резултатите од гласањето.
Членовите на изборната комисија не можат да бидат во исто време и кандидати на избори за претседател и членови на ФСС.
Изборната комисија работи и одлучува доколку се присутни најмалку три члена, од кои најмалку двајца студенти.
Изборната комисија одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, при што за одлуката мора да гласаат најмалку еден наставник и најмалку двајца студенти.
Комисијата од став 1 на овој член донесува одлука со која констатира кои претставници на студентите се избрани за претставници на Факултетското студентско собрание.
Одлуката на Изборната комисија е конечна.
Одредбите од ставовите 1 до 5 од овој член соодветно се применуваат и за предлагањето кандидати за преставници на студентите во Факултетското студентско собрание од членот 18 од овој Статут.

**Член 23**

Изборната комисија:
-донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат номинирани за преставници во

Факултетското студентско собрание. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година, студиската програма и сл. Одлуката е конечна,
- составува записник за резултатите од гласањето на единицата и за крајниот резултат;
- ги утврдува резултатите од гласањето;
- ја спроведува изборната постапка/и;
- врши други работи утврдени со овој Статут.

Изборната комисија донесува Упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, утврдува образец на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.
Упатството од ставот 2 на овој член се објавува на веб-страницата на Факултетот.

**Конститутивна седница**
**Член 24**

По завршување на изборот на преставниците на студентите, Факултетското студентско собрание одржува конститутивна седница во рок од 15 дена од денот на завршените избори.
Конститутивната седница ја свикува деканот.
Со конститутивната седница претседава студент со најголем просечен успех од положените испити, доколку не е избран претседател.
Верификацијата на мандатот ја врши верификациона комисија од 3 члена избрана со јавно гласање од членовите на Факултетското студентско собрание.
Верификационата комисија нема да изврши верификација на мандат ако избраниот студент не ги исполнува условите за избор.

**Престанок на мандат**
**Член 25**

На член на Факултеското студентско собрание му престанува мандатот ако:
- му престане статусот на студент согласно закон или актите на Универзитетот или Факултетот,
- поднесе оставка,
- за сторена дисциплинска повреда му е изречена дисциплинска мерка исклучување,
- му истече мандатот.

На членот на кој му престанал мандатот не се смета во кворум за работа и одлучување на Факултетското студентско собрание.

## V ПРЕТСЕДАТЕЛ

### Избор

### Член 26

Со Факултетското студентско собрание претседава претседател кој се избира на непосредни, фер и демократски избори, со тајно гласање.
Претседателот на факултетското студентското собрание се избира со постапка уредена во Законот и Статутот на Универзитетот.
Мандатот на претседателот на факултетското студентското собрание е една година, со право на уште еден избор.

### Член 27

Изборот на Претседателот на Факултетското студентско собрание е во термин кога се избираат и членовите на Факултетското студентско собрание.
За претседател на Факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент на Факултетот со најмалку трет семестар завршен (положени сите испити заклучно со трет семестар од прв циклус на студии).
За претседател на Факултетското студентско собрание е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од студентите на Факултетот кои гласале.

### Член 28

Кандидат за претседател може да биде, доколку се достави писмен предлог до Изборната комисија потпишан од најмалку 20 студенти од Факултетот кои имаат право да гласаат.

### Член 29

Одредбите од членовите 21 - 23 од овој Статут соодветно се применуваат и за избор на претседател.

### Надлежност

### Член 30

Претседателот на Факултетското студентско собрание:
- го свикува Факултетското студентско собрание и заседава со седниците,
- ги потпишува актите што ги донесува Факултетското студентско собрание;
- ги извршува одлуките и заклучоците на Факултетското студентско собрание,
- ги застапува студентите и Факултетското студентско собрание и е одговорен за неговата работа,
- е член на Деканатската управа на Факултетот,
- врши и други работи од својата надлежност согласно овој Статут, Статутот на Универзитетското студентско собрание, другите акти на Факултетското студентско собрание и актите на Факултетот.

**Престанок на мандатот**

**Член 31**

На преседателот на Факултетското студентско собрание мандатот му престанува во случаите утврдени со член 25 од овој Статут.

Во случај на предвремен престанок на мандатот, Факултетското студентско собрание именува вршител на должноста претседател, а избори за нов претседател се спроведуваат кога се спроведуваат избори за нови членови на Факултетското студентско собрание.

## VI ИЗБОР НА ПРЕСТАВНИЦИ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Избор**

**Член 32**

Факултетското студентско собрание, од редовите на редовните студенти запишани на Факултетот, избира членови во Наставно-научниот совет и во комисиите каде има член преставник од редовите на студентите, согласно Статутот на Факултетот (во натамошниот текст: органи и тела на Факултетот).

**Член 33**

Изборот за нови членови во органите и телата на Факултетот се спроведува најдоцна 1 месец пред истекот на мандат на тековните членови избрани од Факултетското студентско собрание.

Ако Факултетското студентско собрание не изврши избор во рокот од став 1 на овој член, деканот свикува седница на која ќе се спроведе изборот.

Со седницата од став 2 на овој член претседава студент (член на факултетското студентско собрание) со најголем просечен успех од положените испити.

**Член 34**

Изборот на членови во органите и тела на Факултетот се врши со тајно гласање.

Секој член на Факултетското студентско собрание има право да предложи 1 кандидат за член во органите и телата на Факултетот.

За избран се смета оној кандидат за кого гласале мнозинството од присутните членови на Факултетското студентско собрание.

Доколку прво предложените кандидати не го добијат потребното мнозинство, постапката се повторува со предлагање други кандидати

Одредбите од членовите 21 - 23 од овој Статут соодветно се применуваат и за изборот на членови во органите и телата на Факултетот, така што согласно со записникот на Изборната комисија, Факултетското студентско собрание донесува Одлука за избор на претставници-членови во органите и телата на Факултетот.

Одлуката од ставот 5 на овој член е конечна.

**Член 35**

За извршениот избор од членот 34 од овој Статут претседателот на факултетското студентско собрание доставува потпишана и заверена одлука за извршениот избор за

секој орган или тело поединечно, при што се наведува името и презимето на избраните студенти и бројот на индекс.
Одлуката за извршениот избор од став 1 претседателот на факултетското студентско собрание ја доставува до деканот на факултетот во рок од 3 дена по извршениот избор.

**Права и должности на избраните членови**
**Член 36**

Преставниците на студентите - членови во органите и телата на Факултетот имаат право и должност да ги застапуваат интересите на студентите, редовно да присуствуваат на седниците и активно да учествуваат во работата на органите и телата на Факултетот.
Мандатот на членовите во органите и телата на Факултетот е утврден со Статутот на Универзитетот и Статутот на Факултетот.

**Престанок на мандат**
**Член 37**

На преставник - член на студентите во органите и телата на Факултетот мандатот му престанува во случаите утврдени со член 25 од овој Статут.
Ако на преставник - член на студентите во органите и телата на Факултетот предвреме му престане мандатот, претседателот на Факултетското студентското собрание е должен во рок од 7 дена да го извести деканот на Факултетот за престанокот на мандатот.
Факултетското студентското собрание во рок од најдоцна 15 дена од престанокот на статусот на претставник - член избран во органите и телата на Факултетот избира нов преставник – член.
Ако Факултетското студентско собрание не изврши избор во рокот од став 3 на овој член, деканот во рок од 7 дена од истекот на рокот закажува седница на Факултетското студентско собрание на која се врши изборот.
До изборот на нов претставник, претставникот од став 2 од овој член не се смета во вкупниот број членови во органите и телата на Факултетот.

**VII ФИНАНСИРАЊЕ**
**Член 38**

Работата на Факултетското студентското собрание се финансира од:
- средства на Факултетот во рамките на финансиските можности,
- наменски средства добиени од Универзитетот,
- легати,
- подароци,
- завештанија,
- прилози и други извори.

**Член 39**

Факултетското студентско собрание располага со средствата од член 38 на начин утврден со овој статут, и согласно на финансискиот годишниот план и програма.

Факултетското студентското собрание одлучува за финансиските средства за секоја активност поодлено земајќи ја предвид целисходноста на користењето на средствата и оправданоста на финансирањето на одредена активност.
Факултетското студентското собрание на предлог на претседателот усвојува годишен извештај за трошењето на средствата.
Факултетот врши надзор над наменското трошење на средствата кои им се доделени на факултетското студентско собрание.
Факултетското студентско собрание до Наставно научниот совет на факултетот доставува годишен извештај за трошењето на средствата. Извештајот се доставува во рок од еден месец од истекот на годината.
Извештајот со образложение за трошоците се усвојува од страна на Наставно научниот совет.

## VIII ЗАМЕНИК НА СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

### Избор

### Член 40

Факултетското студентско собрание избира заменик на студентски пра-вобранител од редот на студентите од Факултетот со мандат од две години без можност за реизбор.
Изборот се врши со тајно гласање, врз основа на објавен конкурс.
Конкурсот од ставот 2 на овој член го утврдува и го објавува Факултетското студентско собрание.
Конкурсот од ставот 2 на овај член се објавува на: веб страницата на Факултетот, на огласната студентска табла и на веб страницата на Факултетското студентско собрание.
За заменик-студентски правобранител може да биде избран само редовен студент на Факултетот.
Заменик-студентскиот правобранител постапува по пднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку проценил дека е прекршено право на студент од страна на органите на Факултетот или друг член на академската заедница на Факултетот.
Органите на Факултетот, односно членот на академската заедница се должни да ги разгледаат и да постапат согласно укажувањата на заменик-студентскиот правобранител.
Заменик-студентскиот правобранител за својата работа поднесува годишен извештај до студентскиот правобранител и до Наставно-научниот совет на Факултетот.

### Член 41

За изборот на заменик-студентски правобранител соодветно се применуваат одредбите од членовите 22 и 23 од овој Статут.

### Разрешување

### Член 42

Постапка за разрешување на заменикот студентски правобранител можат да покренат членовите на Факултетското студентско собрание, студентскиот правобранител или 1/10 од вкупниот број студенти запишани во моментот на Факултетот.
За разрешување на заменикот студентски правобранител одлучува Факултетското студентско собрание.

## IX КОМИСИИ

**Член 43**

Факултетското студентско собрание може да формира комисии со цел студентите подобро да се организираат, информираат и да се подобри нивниот студентски живот.

**Член 44**

Во рамките на Факултетот, Факултетското студентско собрание ги формира следните комисии:

- Комисија за соработка и комуникација,
- Комисија за спорт,
- Комисија за нормативна дејност,
- Комисија за култура,
- Комисија за екологија и
- Комисија за наука.

Комисиите од став 1 на овај член од своите редови избираат претседател кој раководи и ја координира нивната работа.

Комисиите најмалку два пати годишно доставуваат извештај за својата работа до Факултетското студентско собрание.

## X ПРИМЕНА НА ДРУГИ АКТИ

**Член 45**

За се она што не е регулирано со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

## XI ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 46**

Овој Статут влегува во сила 8-от ден по неговото донесување од страна на Факултетското студентско собрание, по добиената претходна согласност од Наставно-научниот совет на Факултетот.